# ВЕЧЕРНИ МОЛИТВИ

MOYA
Macedonian Orthodox Youth
of Australia

# ВЕЧЕРНИ МОЛИТВИ

По молитвите на светите Отци наши, Господи Исусе Христе, Боже наш, помилуј нѐ.  Амин.

Цару Небесен, Утешителу, Духу на Вистината Кој Си насекаде и сѐ исполнуваш, ризницо на блага и на живот подателу, дојди и всели се во нас, и очисти нѐ од секаква скверност, и спаси ги, Благи, душите наши.

Свети Боже, Свети Крепки, Свети Бесмртни, помилуј нѐ.  (3 пати)

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух, и сега и секогаш и во сите векови. Амин.

Пресвета Троице помилуј нѐ; Господи, очисти ги гревовите наши; Владико, прости ни ги беззаконијата наши; Свети, посети нѐ и исцели ги слабостите наши, заради Името Твое.

Господи помилуј. .....................(3 пати)

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух, и сега и секогаш и во сите векови. Амин.

Оче наш, Кој Си на небесата, да се свети Името Твое, да дојде Царството Твое, да биде волјата Твоја како на небото така и на земјата. Лебот наш насушен дај ни го денес; и прости ни ги долговите наши како што им ги проштеваме и ние на нашите должници; и не воведувај нѐ во искушение, туку избави нѐ од лукавиот.

Помилуј нè, Господи, помилуј нè; зашто никакво оправдување немајќи, оваа молитва како на Владика ние грешните Ти ја принесуваме, помилуј нè!

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух.

Господи помилуј нè, на Тебе се надеваме; не гневи се силно на нас и не спомнувај ги беззаконијата наши, туку погледни и сега како Благоутробен, и избави нè од непријателите наши. Зашто Ти Си Бог наш, а ние сме луѓето Твои, сите сме дело на рацете Твои и Името Твое го призиваме.

И сега и секогаш и во сите векови. Амин.

Дверите на милосрдието отвори ни ги, благословена Богородице, за да не загинеме ние што на Тебе се надеваме, туку преку Тебе од маките да се избавиме, зашто Ти Си спасение на родот христијански.

## МОЛИТВИ НА СВЕТИ МАКАРИЈ ВЕЛИКИ

Боже вечен и Цару на секое создание, Ти Кој ме удостои сè до овој час да бидам жив, прости ми ги гревовите што ги сторив денес со дело, со збор или со помисла; и очисти ја, Господи, смирената душа моја од секаква скверност плотска и духовна и дај ми, Господи, сонот во оваа ноќ во мир да ми мине, та станувајќи од скромната постела да му благоугодам на Пресветото Твое Име во сите денови на животот мој, и да ги победам телесните и бестелесните непријатели коишто со мене војуваат.

Избави ме, Господи, од суетните помисли што ме скверннат и од желбите лукави; зашто Твое е Царството и силата и славата, на Отецот и Синот и Светиот Дух,
и сега и секогаш и во сите векови. Амин.

Господи, Боже наш, сѐ што згрешив во овој ден со збор, со дело или со мисла, прости ми како човекољубив. Подари ми сон мирен и безметежен; испрати го Твојот Ангел Пазител,
кој ќе ме штити и ќе ме засолнува од секое зло. Зашто Ти Си заштитник на душите и на телата наши, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Отецот и Синот и Светиот Дух, и сега и секогаш и во сите векови. Амин. Господи, Боже наш, во Кого веруваме,
и Чие Име над секое име го призиваме, дај ни нам, што заминуваме на спиење, одмор на душата и на телото, и зачувај нѐ
од секакво мечтаењe и мрачни сласти. Запри ја навалата на страстите и згасни ги распалените желби телесни. Дај ни целомудрено да поживееме во делата и во зборовите, та водејќи добродетелен живот, да не отпаднеме од Твоите ветени добра, зашто Си благословен навек. Амин.

## МОЛИТВИ НА СВ. ЈОВАН ЗЛАТОУСТ

### ДНЕВНИ

I Господи, не лишувај ме од Твоите небесни блага.
II Господи избави ме од вечните маки.
III Господи, ако згрешив со ум или со мисла, со збор или со дело, прости ми.
IV Господи, избави ме од секакво незнаење и заборавност, од малодушност и скаменета бесчувствителност.
V Господи, избави ме од секакво искушение.
VI Господи, просветли го срцето мое помрачено од лукави желби.
VII Господи, јас како човек згрешив, а Ти како милосрден Бог прости ми гледајќи ја мојата душевна слабост.
VIII Господи, испрати ми ја благодатта Твоја на помош за да го прославам Твоето Свето Име.
IX Господи, Исусе Христе, запиши ме мене слугата Твој во Книгата на животот, и добар крај подари ми.
X Господи, Боже мој, иако ништо добро не сторив пред Тебе, дај ми ја благодатта Твоја за да поставам добар почеток.
XI Господи, ороси го срцето мое со Твојата благодатна роса.
XII Господи на небесата и на земјата, спомни Си за мене - грешниот, бесрамниот и нечист слуга Твој - во Царството Твое. Амин.

## НОЌНИ

I Господи, во покајание прими ме.
II Господи, не оставај ме.
III Господи, не воведувај ме во искушение.
IV Господи, дај ми мисла добра.
V Господи, дај ми солзи и сеќавање на смртта и умиление.
VI Господи, дај ми помисла за исповедање на гревовите мои.
VII Господи, дај ми смирение, целомудрие и послушание.
VIII Господи, дај ми трпение, великодушност и кроткост.
IX Господи, всади го во мене коренот на добрината и на стравот Твој во срцето мое.
X Господи, удостој ме да Те љубам со сета моја душа и мисла, и во сè да ја творам волјата Твоја.
XI Господи, заштити ме од некои луѓе, и бесови, и страсти, и од секое друго недолично нешто.
XII Господи, знам дека чиниш како што благоволиш; нека биде волјата Твоја и во мене грешниот, зашто Си благословен навек. Амин.

## МОЛИТВА НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Добра Мајко на добриот Цар, Пречиста и Благословена Богородице Марие, милоста на Синот Твој и Бог наш излеј ја врз мојата острастена душа, и со Твоите молитви упати ме на добри дела, та преостанатото време од мојот живот беспорочно да го поминам, и преку Тебе рај да задобијам, Богородице Дево, единствена Чиста и Благословена!

## МОЛИТВИ КОН СВЕТИОТ АНГЕЛ ПАЗИТЕЛ

Ангелу Христов, Пазителу мој свет, покровителу на душата и на телото мое, прости ми сѐ што згрешив во денов денешен, и од секое лукавство на демонскиот противник избави ме за со никаков гнев да не Го прогневам мојот Бог; туку моли се за мене грешниот и недостојниот слуга, и достоен покажи ме за милоста на Света Троица, на Мајката на мојот Господ Исус Христос и на сите Светии. Амин!

## БОГОРОДИЧЕН КОНДАК

Храбра наша Војвотко победоносна, ние, слугите Твои од зло избавени, песни пофални Ти воспеваме, Богородице. Но Ти, Која крепост имаш непобедлива, од секоја беда ослободи нѐ, да повикуваме ‘Радувај се, Невесто Неневестна!’Преславна Приснодево, Мајко на Христа Бога, принеси ја молитвата наша пред Синот Твој и Бог наш за преку Тебе спасени да бидат душите наши.Сета надеж моја во Тебе ја полагам, Мајко Божја, зачувај ме под закрилата Твоја.

Богородице Дево, не презирај ме мене грешниот, кому помошта и застапништвото Твое му треба; на Тебе се надева душата моја, помилуј ме!

## МОЛИТВА НА СВ. ЈОАНИКИЈ

Надеж моја е Отецот, прибежиште мое е Синот, покров мој е Духот Свет; Троице Света, слава Ти!

Достојно е навистина блажена да Те нарекуваме Тебе, Богородице, секогаш блажена и пренепорочна, и Мајко на нашиот Бог. Почесна од Херувимите, и неспоредливо пославна од Серафимите, Бога Словото девствено што Го роди, Тебе, Која навистина Си Богородица, Те величаме.Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух, и сега и секогаш и во сите векови. Амин.

Господи помилуј. ......................(3 пати)

Господи Исусе Христе, Сине Божји, по молитвите на Пречистата Твоја Мајка, на преподобните и богоносни Отци наши и на сите Светии, спаси ме мене грешниот!

MOYA

Macedonian Orthodox Youth of Australia